# ИЗДАВАЊЕ И УПОТРЕБА НА ЗАДОЛЖИТЕЛНА ИНФОРМАЦИЈА ЗА ПОТЕКЛО

Правна основа за спроведување на постапката за издавање на Задолжителна информација за потекло (во натамошниот текст: ЗИП) се:
- член 10 од Царинскиот закон,
- член 6 до 10 од Уредбата за спроведување на Царинскиот закон,

**Барање за издавање на ЗИП**

Барањето за издавање на нова ЗИП е пропишан образец и даден во прилог.
Потребни документи кон барањето:
- барањето да биде правилно пополнето и поднесено од овластено лице,
- барањето да се однесува само за еден тип на стока, правниот основ за стекнување на потеклото (целосно добиени производи, последна суштинска трансформација, доволно обработени или преработени производи, кумулација на потекло или друго),
- цената на стоката ex works, доколку е тоа потребно според правилата за стекнување на потеклото,
- доколку има кон барањето да се приложат докази како на пример: Задолжителна тарифна информација, мостри, фотографии, цртежи, каталози, анализи, извештаи од експерти или други расположливи документи за составот на стоката и материјалите од кои е составена, технолошкиот процес на производство на стоката, видот, вредноста и потеклото на употребените репроматеријали и други документи кои можат да помогнат во опишување на производниот процес или на преработката на која биле подложени материјалите,
- документи како поткрепа на податоците наведени во барањето како на пример: фактури за набавка на репроматеријали, увозни декларации на репроматеријали, приемници на репроматеријали, издатници, работни налози, нормативи, испратници, лабораториски анализи, докази за потекло за употребени репроматеријали, откупни белешки, договори, извозни декларации или слични документи,
- подносителот редовно врши извоз на стоки,
- подносителот доставил согласност за превод на македонски јазик на било кој приложен документ кон барањето, ако тоа од него било побарано,
- се означени податоци кои се сметаат за доверливи во однос на јавноста или службата, а подносителот доставил согласност дека доставените информации можат да бидат ставени во јавно достапна база на податоци на Царинската управа.

Кон барањето се приложува административна такса од 350 денари со следните податоци:
Цел на дознака: административна такса,
Назив на примач: Трезорска сметка,
Трансакциска сметка: 100000000063095,
Уплатна сметка 840 xxx 03161,
Приходна сметка 722313 00.

**Престанок на важност или поништување на ЗИП**

ЗИП важи 3 години од датумот на нејзиното издавањето.
ЗИП престанува да важи кога се донесени нови или се изменети прописите врз основа на кои е издадена, како и кога ЗИП повеќе не е во согласност со:

- одредбите од Спогодбите/Договорите за слободна трговија или Регионалната конвенција за Паневромедитерански преференцијални правила на потекло,
- коментарските забелешки или мислењата донесени заради толкување на правилата за потекло или заради одлука донесена од надлежен суд,
- одредбите на Договорот за правилата за потекло на Светската трговска организација или коментарските забелешки или мислењата за потекло донесени заради толкување на тој Договор.